Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05) Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.09.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.139/15 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.139/15 поведен пред Основен суд Кавадарци и тоа:

**СУДСКА СПОГОДБА**
**за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.139/15 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Заклучена на ден _________.2018 година, помеѓу:**

3. Општина Кавадарци - Локална самоуправа со седиште на Плоштад Маршал Тито бб Кавадарци со ЕМБС 5995965 и ЕДБ 4011004124215 застапувана од Градоначалникот на Општината М-р Митко Јанчев, од една страна како предлагач и

4. Томе Падиков од Кавадарци ул.”Мито Хаџи Василев”бр.43 со ЕМБГ 1003960483017, преку полномошник адвокат Илија Чекоров од Кавадарци ул.”Мито Хаџи Василев”бр.35 од друга страна како противник.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.139/2015 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште со кп.бр.13715/8 во површина од 10 м2 која претставува дел од кп.бр.13715/2 во м.в.„29 ти Ноември“ култура 80000 и кп.бр.13715/10 во површина од 102 м2 кое претставува дел од кп.бр.13715/6 во м.в.„29 ти Ноември“ култура 31900 со право на сопственост на противникот Томе Падиков по Имотен лист бр.4402 КО Кавадарци 2 согласно Решение за експропријација Екс.бр.26-128/3 од 02.11.2015 година донесено од страна на Министерството за финансии – Подрачно одделение за првостепена управна постапка во Кавадарци, заради изградба на дел од улица лок.„Јасмин„ КО Кавадарци предвидена по ДУП за УП населба „Јасмин“ 2001-2006 Кавадарци согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци за КО Кавадарци 2 со деловоден број 03/807-14 од 09.02.2015 година изработен од ДГР„Геоприм Инжинеринг“ ДОО Скопје.

2. Страните на Судската Спогодба се согласни за експроприраното земјиште од точка 1 на оваа спогодба предлагачот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест да му исплати на противникот – Томе Падиков износ од 1.537,00 ден./м2 односно надоместок во вкупен износ од 172.144,00 денари.

3. Страните на Судската Спогодба се согласни секој да си ги сноси своите трошоци – судските такси за оваа судска спогодба во износ и рок на плаќање определени од страна на судот, освен процесните трошоци на противникот во износ од 51.660,00 денари кои општината е согласна да му ги плати на противникот.

5. Противникот – Томе Падиков е согласен надоместокот во износ од 172.144,00 денари и процесните трошоци во износ од 51.660,00 денари предлагачот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да ги плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциона сметка на противникот.

6. Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.139/15.

7. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**СТРАНИ НА СПОГОДБАТА**

| | |
|---|---|
| **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ** | **Томе Падиков** |
| **ГРАДОНАЧАЛНИК** | **Преку Полномошник** |
| **М- р Митко Јанчев** | **Адвокат Илија Чекоров** |

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП бр. 139/15 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-5282/31 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

27.09.2018 година Претседател,

К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.31/18 поведен пред Основен суд Кавадарци

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр 31/18 поведен пред Основен суд Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.09.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-5453/32
28.09.2018 година
К А В А Д А Р Ц И

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ГРАДОНАЧАЛНИК
м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци ("Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05) Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.09.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.31/18 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за склучување на судска спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.31/18 поведен пред Основен суд Кавадарци и тоа:

**СУДСКА СПОГОДБА**
**за регулирање на меѓусебните односи во врска со судски предмет ВПП.бр.31/18 поведен пред Основен суд Кавадарци**

**Заклучена на ден _________.2018 година, помеѓу:**

5. Методи Ангелов од Кавадарци со стан на ул.„ Браќа Џунови"бр.17, Роберт Ангелов од Кавадарци со стан на ул.„ Браќа Џунови"бр.17 и Нада Ангелова од Кавадарци со стан на ул.„ Браќа Џунови"бр.17 од една страна како предлагачи и

6. Општина Кавадарци - Локална самоуправа со седиште на Плоштад Маршал Тито бб Кавадарци со ЕМБС 5995965 и ЕДБ 4011004124215 застапувана од Градоначалникот на Општината М-р Митко Јанчев од друга страна како противник

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

1. Предмет на оваа Судска Спогодба е регулирање на меѓусебните односи помеѓу спогодбените страни кои произлегуваат од поведен судски предмет пред Основен суд Кавадарци ВПП.бр.31/2018 за определување на правичен паричен надоместок за експроприрано земјиште со кп.бр.13077/3 во површина од 71 м2 м.в.„Кеј Браќа Џунови", кое претставува дел од кп.бр.13077/1 м.в.„Кеј Браќа Џунови", поранешна сосопственост на предлагачите од кои 2/4 на Методи Ангелов од Кавадарци со стан на ул.„ Браќа Џунови"бр.17, 1/4 на Нада Ангелова од Кавадарци со стан на ул.„ Браќа Џунови"бр.17 и 1/4 на Роберт Ангелов од Кавадарци со стан на ул.„ Браќа Џунови"бр.17 по Имотен лист бр.3919 КО Кавадарци 2 согласно Спогодба за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со одземање од владение градежно земјиште и определување на надоместок бр.03-1296/1 од 17.03.2010 година и Записник за одржана усна, главна расправа и донесување на спогодба на Министерството за финансии – Одделение за управна постапка Кавадарци бр.25-193/2 од 08.04.2010 година, заради изградба на улица „Браќа Џунови„ КО Кавадарци предвидена по ДУП за Урбан Блок „Браќа Џунови" Кавадарци согласно Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци за кп.бр.13077/1 КО Кавадарци изработен од Трговец поединец Овластен геодет ТД за геодетски работи „Биро за премер" ДОО

Кавадарци со деловоден број 03-267 од 14.11.2008 година и заверен од Агенцијата за катастар на недвижности со деловоден бр.1209-285/2 од 21.11.2008 година.

2. Страните на Судската Спогодба се согласни противникот – Општина Кавадарци – Локална самоуправа на име правичен паричен надомест за експроприраното земјиште со кп.бр.13077/3 во површина од 71 м2 да им плати на предлагачите износ од 2.152,00 ден./м2 односно надоместок во вкупен износ од 152.792,00 денари од кои за 2/4 идеален износ од 76.396,00 на Методи Ангелов, за 1/4 идеален дел износ од 38.198,00 денари на Нада Ангелова и за 1/4 идеален дел износ од 38.198,00 денари на Роберт Ангелов.

3. Страните на Судската Спогодба се согласни секој да си ги сноси своите трошоци во постапката, вклучувајќи ги и трошоците – судските такси за оваа судска спогодба во износ и рок на плаќање определени од страна на судот, како и трошоците за вештачење, освен трошоците за состав на предлог од адвокат во износ од 14.000,00 денари кои општината е согласна да им ги плати на предлагачите.

4. Предлагите се согласни надоместокот од точка 2 и трошоците од точка 3 од оваа Спогодба противникот - Општина Кавадарци Локална самоуправа да ги плати во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на Судската Спогодба, на трансакциска сметка на предлагачите.

Оваа Судска Спогодба го опфаќа целиот предмет на спорот опфатен во предметот кој пред овој суд се води под ВПП.бр.31/2018.

5. Со потпишувањето на оваа Спогодба, спогодбените страни изјавуваат дека ја прифаќаат нејзината содржина и правата и обврските кои произлегуваат од неа.

**СТРАНИ НА СПОГОДБАТА**

**1. Методи Ангелов**
**2. Роберт Ангелов**
**3. Нада Ангелова**
**Преку Полномошник**
**Адвокат Александар Атанасовски**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**М- р Митко Јанчев**

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кавадарци да ја потпише горецитираната судска спогодба, по предметот ВПП бр. 31/18 поведен пред Основен суд Кавадарци.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-5282/32
27.09.2018 година
К А В А Д А Р Ц И

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Претседател,
Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за давање во закуп на недвижни ствари на КП бр.12689/2 КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

1. Се објавува Одлуката за давање во закуп на недвижни ствари на КП бр.12689/2 КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.09.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5453/33** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.09.2018 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 3, 4, 37, 38 и 39 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“ бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци”бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.09.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање во закуп на недвижни ствари на КП бр.12689/2 КО Кавадарци 2 во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање**

**Член 1**

Да се дадат во закуп недвижните ствари на КП 12689/2 КО Кавадарци 2, запишани на Имотен лист број 15775, издаден од Агенција за катастар на недвижности бр.1105-10313/2018 од 17.09.2018 година, по пат на електронско јавно наддавање согласно одредбите од Законот за користење и располагање со

стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на РМ“бр.78/15, бр.106/15, бр.153/15, бр.190/16 и бр.21/18) и тоа:

- Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – Б1-17, влез 5, приземје, со внатрешна површина од 43 м2, на м.в ул..„Зелен пазар“-Кавадарци;

-Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – Б1-17, влез 6, приземје, со внатрешна површина од 25 м2, на м.в ул.„Зелен пазар“-Кавадарци;

-Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – Б1-17, влез 7, приземје, со внатрешна површина од 28 м2, на м.в. ул.„Зелен пазар“-Кавадарци;

**Член 2**

Проценетата вредност на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука е утврдена согласно Извештај за процена на недвижен имот изработен од Трговец поединец за вештачење и процена Д-р Анастас Ѓорги Џуровски ТП Ресен, со деловоден бр.01-50 од 04.03.2018 година и заверена под бр.21-4261/33 од 31.08.2018 година од Општина Кавадарци и истата е во износ од :

- Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – Б1-17, влез 5, приземје, со внатрешна површина од 43 м2, на м.в ул..„Зелен пазар“-Кавадарци, со вкупна вредност од 3.089.925,00 денари;
- Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – Б1-17, влез 6, приземје, со внатрешна површина од 25 м2, на м.в ул.„Зелен пазар“-Кавадарци, со вкупна вредност од 2.110.761,00 денари;
- -Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – Б1-17, влез 7, приземје, со внатрешна површина од 28 м2, на м.в. ул.„Зелен пазар“-Кавадарци, со вкупна вредност од 2.273.955,00 денари.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 15.450,00 денари за Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – Б1-17, влез 5, приземје, со внатрешна површина од 43 м2, на м.в ул..„Зелен пазар-Кавадарци “.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 10.554,00 денари за Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – Б1-17, влез 6, приземје, со внатрешна површина од 25 м2, на м.в ул..„Зелен пазар“-Кавадарци.

Висината на почетната месечна закупнина изнесува 11.370,00 денари за Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – Б1-17, влез 7, приземје, со внатрешна површина од 28 м2, на м.в ул..„Зелен пазар“-Кавадарци.

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 61.799,00 денари за Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – В1-17, влез 5, приземје, со внатрешна површина од 43 м2, на м.в ул..„Зелен пазар“-Кавадарци.

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 42.215,00 денари за Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – В1-17, влез 6, приземје, со внатрешна површина од 25 м2, на м.в ул..„Зелен пазар“-Кавадарци.

Износот на банкарската гаранција за сериозност на понудата изнесува 45.479,00 денари за Објект број 1, намена на зграда – други мали комерцијални и деловни единици – В1-17, влез 7, приземје, со внатрешна површина од 28 м2, на м.в ул..„Зелен пазар“-Кавадарци.

**Член 3**

Објавата за издавање во закуп на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука треба да ги содржи следните податоци:

- недвижната ствар која е предмет на закуп (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, кататстарка општина и број на имотен лист, број на зграда, намена на зграда, број на влез, број на посебен дел од зграда);
- урбанистичко - планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на закуп;
- почетната цена за движната ствар која е предмет на закуп;
- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање;
- време на започнување на јавното наддавање;
- услови за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица;
- услови за учество на јавно наддавање за домашни физички и правни лица;
-банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар;
- обврска на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари;
- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор) и
- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање.

**Член 4**

Недвижните ствари-објектите од член 1 на оваа Одлука се даваат во закуп за период од 5 години.

**Член 5**

Закупците на недвижните ствари од член 1 на оваа одлука не може да ги даваат во подзакуп.

**Член 6**

Со најповолниот понудувач во постапката на електронското јавно наддавање Градоначалникот склучува Договор заверен кај нотар.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-5282/33 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**27.09.2018 година** **Претседател,**

К А В А Д А Р Ц И **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката**

**за примање донација – изработка на мебел од ДЕСПИНА МЕБЕЛ ДООЕЛ Кавадарци**

1. Се објавува Одлуката за примање донација – изработка на мебел од ДЕСПИНА МЕБЕЛ ДООЕЛ Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.09.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-5453/34 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

**28.09.2018 година** ГРАДОНАЧАЛНИК

К А В А Д А Р Ц И м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), , Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 27.09.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање донација – изработка на мебел од ДЕСПИНА МЕБЕЛ ДООЕЛ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, услуги и трговија ДЕСПИНА МЕБЕЛ ДООЕЛ Кавадарци и тоа:

- Работно биро со димензии 130х75х75см – 3 броја;

- Касета (фиокар) со димензии 40х48х60см – 3 броја;

- Промена на лице на плакар со димензии 325х230см;

- Паравани со димензии 130х130х40см – 2 броја, во вкупна вредност од 185.780,00 денари со ДДВ.

Примањето на донацијата е за остварување, унапредување, промоција и поддршка на дејностите од јавен интерес како и за зајакнување на капацитетите на општинската администрација.

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како примател на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

Бр.08-5282/34 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
27.09.2018 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за примање донација – патничко возило MERCEDES BENZ**

1. Се објавува Одлуката за примање донација – патничко возило MERCEDES BENZ, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.09.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5453/35** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**28.09.2018 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**К А В А Д А Р Ц И** — **м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 4 - 11 од Законот за донации и спонзорства (Сл.весник на РМ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05)), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 27.09.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање донација – патничко возило MERCEDES BENZ**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Кавадарци прима донација 1 (едно) материјално добро изразено како патничко возило - вид MERCEDES BENZ во вредност од 413.004,00 денари, од страна на давателот на донацијата Друштво за производство, трговија и услуги БАС ТУТИ ФРУТИ, за остварување на јавен интерес од областа на социјалната заштита и остварување на социјална грижа за инвалидни лица согласно член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002) .

**Член 2**

Со цел регулирање на меѓусебните права и обврски, а во врска со примањето на донацијата од член 1, советот на Општина Кавадарци го овластува Градоначалникот како приматeл на донацијата да склучи Договор за донација со давателот на донацијата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кавадарци.

Бр.08-5282/35 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
27.09.2018 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
### за објавување на Програмата
### за изменување и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2018 година

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2018 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.09.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-5453/36 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
28.09.2018 година ГРАДОНАЧАЛНИК
К А В А Д А Р Ц И м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ" бр.5/2002), член 132 став 1 од Статутот на општина Кавадарци ("Сл.гласник на општина Кавадарци"), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.09.2018 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
### за изменување и дополнување на Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2018 година

Во Програмата за Развој на општина Кавадарци за 2018 година бр.09-5167/8 од 22.12.2017 година, Програмата за изменување и дополнување на Програмата за развој на општина Кавадарци за 2018 бр.08-2175/47 од 24.04.2018, Програмата за изменување и дополнување на Програмата за развој на општина Кавадарци за 2018 бр.08-3027/48 од 30.05.2018 и Програмата за изменување и дополнување на Програма за Развој на општина Кавадарци за 2018 бр. 08-3900/5 од 18.07.2018 се вршат следните измени и дополнувања :

**I.** Во Глава 1.ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ/Регионален развој, во под глава- Реконструкција на стадионот кај спортска сала Јасмин, во точка 3 СЕ БРИШЕ текстот и СЕ ДОДАВА нов текст кој гласи:

- Реконструкција на градски базен и уредување со реквизити за спорт и рекреација на вода. Проектот ќе биде по пат на Јавно приватно партнерство и целта е да се обезбедат современи услови за спорт и рекреација на жителите на општината. Содржините и функционирањето ќе се дефинираат со изработка на Физибилити Студија за ЈПП и Проект.

**II.** Во Глава 4. ЕКОЛОГИЈА, во подглава Проект за субвенционирање на мерки за топлинска ефикасност во текстот:

–Општина Кавадарци за овој проект ќе издвои средства во висина од 1.000.000 денари од Буџет на општина.

Износот од 1.000.000 денари СЕ ЗАМЕНУВА со износот 3.000.000 денари.

**III.** Во Глава 1. ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ/Регионален развој, после под-глава Локална солидарност-глобална солидарност-проект вмрежување на градови, СЕ ДОДАВАТ под-глави кои гласат:

- Проект Ла Луна

Реконструкција на комплексот Ла Луна со воведување на нови СПА содржини, угостителски дел, игротека и други содржини во форма на отворен-покриен објект. Проектот ќе се реализира преку пат на Јавно приватно партнерство. Со реализацијата на овој проект ќе се обезбедат дополнителни услови за псхифизичкиот и социјалниот развој на младите со утврдени термини за бесплатно користење на услугите од комплесот за учениците од основните и средните училишта.

- Проект Доизградба на неизградениот дел кај спортски центар Јасмин

Доизградба на неизградениот дел кај спортскиот центар Јасмин со сместувачки капацитети за спортистите и комерцијални содржини во приземјето на објектот.

**IV.** Во Глава 7. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА после текстот СЕ ДОДАВА нов текст кој гласи:

- За реализација на проектот Реконструкција на Градски базен финансиските средства ќе се обезбедат преку пат на Јавно приватно партнерство.
- За реализација на Проект за субвенционирање на мерки за топлинска ефикасностфинансиските средства се обезбедуваат од Буџет на општина Кавадарци, конто 464 Програма ГА
- За реализација на проектот Ла Луна финансиските средства ќе се обезбедат преку пат на Јавно приватно партнерство.
- За реализација на проектот Доизградба на неизградениот дел кај спортски центар Јасмин финансиските средства ќе се обезбедат преку пат на Јавно приватно партнерство.

**V**. Во останатиот дел Програмата останува неизменета.

**VI.** Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во Службен Гласник на Општина Кавадарци.

Бр.08-5282/36 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
27.09.2018 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за изменување и дополнување на Одлуката за определување максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела**
**за 2018 година**

1. Се објавува на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 годин, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.09.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-5453/37 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
28.09.2018 година ГРАДОНАЧАЛНИК
К А В А Д А Р Ц И м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.09.2018 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за определување максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година**
**Член 1**

Во Одлуката изменување и дополнување на Одлуката за определување максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за

купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година бр.08-3900/34 од 18.07.2018 година(„Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.16/2018), се врши следната измена и дополнување:

Во член 3 износот од 1.000.000,00 денари се заменува со износ од 3.000.000,00 денари.

Во останатот дел Одлуката останува непроменета.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Сл.Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.08-5282/37 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

27.09.2018 година Претседател,

К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Кавадарци за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Кавадарци за купување на енегетско ефикасни грејни тела за 2018 година**

1. Се објавува Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на општина Кавадарци за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Кавадарци за купување на енегетско ефикасни грејни тела за 2018 година, донесен на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.09.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-5453/38 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
28.09.2018 година ГРАДОНАЧАЛНИК
К А В А Д А Р Ц И м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), Програмата за развој на Општина Кавадарци за 2018 година бр.09-5167/8 од 22.12.2017, бр.08-2175/47 од 24.04.2018 година и бр.08-3027/48 од 30.05.2018 година, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седница одржана на ден 27.09.2018 година, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА КУПУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКО ЕФИКАСНИ ГРЕЈНИ ТЕЛА ЗА 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

1) Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за распределба и користење на финансиски средства утврдени во Буџетот на Општина Кавадарци, со намена за надоместување на дел од трошоците направени при купување на енергетско ефикасни грејни тела-печки на пелети или инвертер клими.

(2) Право на користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци согласно овој Правилник имаат физички лица кои се жители на Општина Кавадарци, кои ги исполуваат критериумите од овој Правилник и ја доставиле потребната документација.

**Член 2**

(1) Финансиските средства за спроведување на Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година на подрачјето на општина Кавадарци се обезбедени од Буџетот на Општина Кавадарци за 2018 година во вкупен износ од 3.000.000 денари.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до нивно целосно искористување.

## II.НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

(1) За реализирање на Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година бр.08-3900/34 од 18.07.2018 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година, се објавува Јавен Повик.

(2) Јавниот повик се објавува на WEB страната на општина Кавадарци, огласната табла во општина Кавадарци и во електронски медиуми.

(3) Рокот за објавување на јавниот повик е по стапување во сила на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓани за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година и на овој Правилник.

(4) Јавниот повик ќе трае од 5 Октомври до 20 Октомври.

(5) Јавниот повик ќе се реализира по принципот „Јавно извлекување“.

(6) На јавното извлекување право на учество ќе имаат и апликациите од првиот Јавен Повик бр.24-4260/5 од 06.08.2018 година за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година, а кои не се субвенционирани поради исцрпување на средствата предвидени со цитираниот Јавен повик.

## III.ПОСТАПКА, НАЧИН И УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

### Член 4

Право на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година на подрачјето на општина Кавадарци имаат лицата кои :

-имаат купено и вградено во своите домови енергетско ефикасни грејни тела- печки на пелети или инвертер клими по денот на објавувањето на Јавниот Повик до завршување на Јавниот Повик, што се докажува со документација од член 7 на овој Правилник.

-го немаат искористено правото на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година на подрачјето на општина Кавадарци или од било кој извор во Република Македонија за таа намена, што се докажува со документација од член 7 на овој Правилник.

### Член 5

Барањето за остварување на правото на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година на подрачјето на општина Кавадарци го поднесуваат заедно со потребната документација преку Архивата на општина Кавадарци до Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Кавадарци за енергетско ефикасни грејни тела.

### Член 6

Едно домаќинство може да поднесе само едно барање за остварување на правото на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година на подрачјето на општина Кавадарци.

### Член 7

Подносителот за остварување на право на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година на подрачјето на општина Кавадарци е должен да ја поднесе следната документација:

- Барање за остварување на правото на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година на подрачјето на општина Кавадарци ;
- Доказ дека е жител на општина Кавадарци што се докажува со фотокопија од важечка лична карта;
- Доказ дека е извршено купување на енергетско ефикасно грејно тело, и тоа со оргинал фискална сметка или фактура со извод од деловна банка по денот на објавување на Јавниот Повик;
- Изјава дека го нема искористено правото на субвенционирање за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година на подрачјето на општина Кавадарци или од било кој извор во Република Македонија за таа намена;
- Копија од трансакциска сметка на подносителот на барањето.

**Член 8**

За спроведување на транспарентна постапка при добивање субвенција за купување на енергетско-ефикасно грејни тела во домаќинствата во Општина Кавадарци, доделувањето на средствата ќе се одвива на следниот начин:

1. Општина Кавадарци со цел стимулирање на користењето на енергетско ефикасни грејни тела, ќе распише Јавен Повик.

2. За времетраење на огласот, најмалку два пати ќе има известување за јавноста за времетраењето на повикот.

3. По завршување на Јавниот Повик, најкасно по 10 дена, ќе се одржи јавно извлекување на подносителите. За времето и местото на извлекувањето Општина Кавадарци ќе даде соопштение на својата веб страна. Секој барател кој има доставено барање за субвенционирање на дел од трошоците има право доколку сака да присуствува на јавното извлекување.

4. За спроведување на активностите за реализација на Јавниот Повик, Градоначалникот на Општина Кавадарци ќе формира три комисии кои ќе бидат составени од три члена и нивни заменици. Комисиите по пристигнувањето на сите барања за субвенционирање доставени за времетраењето на јавниот оглас, со записник ќе го утврдат точниот број на пристигнати барања.

5. Извлекувањето од точка 3 на овој дел од Правилникот ќе се одвива на следниот начин:

- извлекувањето ќе биде снимено и за истото Општина Кавадарци ќе има видеозапис и секој заинтересиран барател има право да побара увид во видеозаписот од извлекувањето за што треба да достави писмено барање до Општина Кавадарци.
- ковертите во присуство на сите членови на комисиите ќе се стават во посебен сад.
- лицето кое го врши извлекувањето, секој извлечен коверт го предава на една од Комисиите.
- претседателот на секоја одделна комисија го соопштува името на барателот, по што комисијата пристапува кон проверка на документите доставени од страна на барателот и соопштува дали барањето е во согласност односно не е во согласност со условите и барањата од овој Правилник.
- за времетрање на извлекувањето ќе се составува листа која ќе содржи податоци за извлечениот барател, за износот на надоместокот и за персоналниот данок на добивка.
- во оној момент кога ќе се извлечат барателите чиј збир на износот на надоместоци и на износот на персоналниот данок ги ангажира средствата наменети за оваа намена, ќе заврши извлекувањето на барателите кои имаат комплетна и уредна документација.

**Член 9**

Општина Кавадарци за утврдување на исполнувањето на условите за доделување на финансиски средства од членот 1 на овој Правилник, Градоначалникот на општина Кавадарци формира Комисија за проверка на терен, составена од 3 члена од редот на вработените во администрацијата на општина Кавадарци.

**Член 10**

По завршувањето на увидот на лице место/терен и Извештај од Комисијата од член 9 на овој Правилник, ќе се изготви финална листа на баратели кои го остваруваат правото на субвенционирање на дел од средствата која ке биде објавена на WEB страната на Општина Кавадарци најдоцна 15 (петнаесет) дена по завршување на Јавното извлекување, по што со Решение од страна на Градоначалникот ќе следи исплатата на средствата.

**Член 11**

Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Кавадарци за купување на енергетско ефикасни грејни тела за 2018 година бр.08-3900/34 од 18.07.2018 година(„Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.16/2018).

**Член 12**

Правилникот влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.08-5282/38 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
27.09.2018 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за објавување на Заклучокот**
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата Традиционален Фестивал„Гроздобер 2018„**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата Традиционален Фестивал„Гроздобер 2018„„ донесен на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.09.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-5453/39 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
28.09.2018 година ГРАДОНАЧАЛНИК
К А В А Д А Р Ц И м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.весник на Општина Кавадарци” бр.8/05), расправајки по Извештајот за реализација на Програмата Традиционален Фестивал„Гроздобер 2018„ Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.09.2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
**за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата Традиционален Фестивал„Гроздобер 2018„**

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Програмата Традиционален Фестивал„Гроздобер 2018„ .

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-5282/39 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
27.09.2018 година Претседател,
К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци за I полугодие од 2018 година**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци за I полугодие од 2018 година, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.09.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-5453/40 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
28.09.2018 година ГРАДОНАЧАЛНИК
К А В А Д А Р Ц И м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија(Сл.весник на РМ бр.38/96....64/2018), член 82 став 1 точка 33 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.весник на Општина Кавадарци" бр.8/05), расправајки по Извештајот за редовното работење на ЈП„Јасмин„ Кавадарци за I полугодие од 2018 година, Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.09.2018 година, донесе

О Д Л У К А

**за усвојување на Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци за I полугодие од 2018 година**

**Член 1**

СЕ УСВОЈУВА Извештајот за редовното работење на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци за I полугодие од 2018 година, со арх.бр.02-85/3, донесен на седница на Управен Одбор на ЈП за стопанисување со спортски објекти„ Мито Хаџи Василев -Јасмин„ Кавадарци одржана на ден 19.09.2018 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

Бр.08-5282/40 СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

27.09.2018 година Претседател,

К А В А Д А Р Ц И Ристо Сакалиев

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката**
**за давање согласност на**
**Одлуката бр.02-1018/7 од 29.08.2018 година за прифаќање на Правилник за внатрешна организација на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр.02-1018/7 од 29.08.2018 година за прифаќање на Правилник за внатрешна организација на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.09.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр.09-5453/41 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
28.09.2018 година ГРАДОНАЧАЛНИК
К А В А Д А Р Ц И м-р Митко Јанчев

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„бр.38/96....64/2018), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.09.2018 година, донесе

## О Д Л У К А

**за давање согласност на**
**Одлуката бр.02-1018/7 од 29.08.2018 година за прифаќање на Правилник за внатрешна организација на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци, донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр.02-1018/7 од 29.08.2018 година за прифаќање на Правилник за внатрешна организација на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци, донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08-5282/41** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**27.09.2018 година** — **Претседател,**

К А В А Д А Р Ц И — **Ристо Сакалиев**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ„ бр.05/02) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/2005), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за објавување на Одлуката**
**за давање согласност на**
**Одлуката бр.02-1018/5 од 29.08.2018 година**

**за прифаќање на Правилник за систематизација на работните места на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката бр.02-1018/5 од 29.08.2018 година за прифаќање на Правилник за систематизација на работните места на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци, донесена на седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 27.09.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.09-5453/42**
**28.09.2018 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**м-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002), а во врска со член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ бр.38/96....64/2018), член 82 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци" бр.8/05), Советот на Општина Кавадарци на седницата одржана на ден 27.09.2018 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на**
**Одлуката бр.02-1018/5 од 29.08.2018 година**
**за прифаќање на Правилник за систематизација на работните места на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци, донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката бр.02-1018/5 од 29.08.2018 година за прифаќање на Правилник за систематизација на работните места на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци, донесена на седница на Управен Одбор на Јавното претпријатие за комунални работи„Комуналец„ Кавадарци.

**Член 2**

